Акционерско друштво
за осигурување и реосигурување
МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп
Бр. 02-3750/1
10.05 2023 год.
СКОПЈЕ

МАКЕДОНИЈА ОСИГУРУВАЊЕ
VIENNA INSURANCE GROUP

Врз основа на член 383 став 3, член 395 став 4 и член 407 од Законот за трговските друштва (Сл. Весник на РМ бр.28/04, со сите последователни измени и дополнувања на истиот), член 39 став 7 и став 8 од Правилата за котација на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје (Основен текст од 25.02.2013 година, со сите последователни измени и дополнувања на истите), член 163 од Законот за супервизија на осигурување (Сл. Весник на РМ бр. 27/02, со сите последователни измени и дополнувања на истиот), член 2 став 1 точка 2 од Правилникот за содржината на редовните известувања кои друштвата за осигурување и/или реосигурување и други лица ги доставуваат до Агенцијата за супервизија на осигурување согласно Законот за супервизија на осигурување (Сл. Весник на РМ бр.30/2012), одредбите од Статутот на Акционерското друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп (во понатамошен текст: Друштвото), а во врска со точките од процедуралниот дел на Јавниот повик за свикување на акционерско собрание бр.02-2832/2-1 од 04.04.2023 година, акционерите на Друштвото на Годишното акционерско собрание за деловната 2022 година одржано на 10.05.2023 година, ја донесоа следната:

# ОДЛУКА

**за избор на Претседавач, определување на начин на броење на гласови и определување на записничар за работата на акционерското собрание кое се одржува на 10.05.2023 година**

1. За Претседавач на Годишното акционерското собрание на Друштвото за деловната 2022 година, кое се одржува на ден 10.05.2023 година, се именува **Ангел Шојлев**.
2. Претседавачот на акционерското собране на Друштвото ги има правата и обврските дефинирани во Законот за трговските друштва и другите позитивни прописи, како и Статутот на Друштвото, Мандатот на Претседавачот трае до изборот на претседавач на наредното собрание кое треба да биде одржано.
3. Броењето на гласови по точките од дневниот ред утврден со Јавниот повик за свикување на акционерското собрание кое се одржува на 10.05.2023 година ќе се остварува преку посебен софтвер со кој управува Секторот за информатичка технологија на Друштвото.
4. Записникот за работа на Собранието ќе го води **Нотар Мери Весова**.
5. Записникот за работата на Собранието, во текст и содржина предвидени во Законот за трговските друштва, треба да се изготви во рок од 3 (три) дена од денот на од денот на неговото одржување.
6. Оваа Одлука ќе се објави на официјалната интернет страница на Друштвото и на СЕИ НЕТ системот на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје.
7. Оваа Одлука ќе се достави до Агенцијата за супервизија на осигурување.
8. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

АКЦИОНЕРСКО СОБРАНИЕ
**Претседавач**

Ангел Шојлев

Акционерско друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп

Врз основа на член 384 став 2 точка 1, а во врска со член 408 став 1 точка 11 и член 480 од Законот за трговските друштва (Сл. Весник на РМ бр.28/04, со сите последователни измени и дополнувања на истиот), член 39 став 7 и став 8 од Правилата за котација на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје (Основен текст од 25.02.2023 годинам, со сите последователни измени и дополнувања на истите), член 163 од Законот за супервизија на осигурување (Сл. Весник на РМ бр.27/02, со сите последователни измени и дополнувања на истиот), член 3 од Правилникот за содржината на редовните известувања кои друштвата за осигурување и/или реосигурување и други лица ги доставуваат до Агенцијата за супервизија на осигурување согласно Законот за супервизија на осигурување (Сл. Весник на РМ бр.30/2012), член 20 и член 50 од Статутот бр.02-7727/2-1 од 14.11.2022 година на МАКЕДОНИЈА Осигурување а.д Скопје - Виена Иншуренс Груп (во понатамошен текст: Друштвото), а во врска со точка 1, точка 2, точка 3 и точка 4 од работниот дел на дневниот ред на Јавниот повик за свикување на Годишно собрание за деловната 2022 година бр.02-2832/2-1 од 04.04.2023 година, акционерите на Друштвото на Годишното собрание за деловната 2022 година одржано на ден на 10.05.2023 година, ја усвоија следната:

# ОДЛУКА

**за усвојување на финансиските извештаи, годишната сметка, годишниот извештај за работење и извештајот на овластениот надворешен ревизор за извршената ревизија за деловната 2022 година**

1. Се усвојуваат **Финансиските извештаи на Друштвото за деловната 2022 година**, за кои е добиено позитивно ревизорско мислење од страна на овластениот надворешен ревизор и позитивно мислење од страна на Надзорниот одбор на Друштвото.
2. Се усвојува **Годишната сметка на Друштвото за деловната 2022 година** за која е добиено позитивно ревизорско мислење и позитивно мислење од страна на Надзорниот одбор на Друштвото, и се утврдува дека на основа на Билансот на сеопфатна добивка во деловната 2022 година се остварени следните финансиски резултати:

| | МКД |
|---|---|
| **вкупно приходи** | 868.969,220 |
| **вкупно расходи** | 840.218,179 |
| **добивка пред оданчување** | 46.751.041 |

3. По пресметаниот данок на добивка за деловната 2022 година, утврдено е:

| | МКД |
|---|---|
| **данок на добивка** | 6.717,484 |
| **добивка по одначување** | 40.033.557 |

4. Се усвојува **Годишниот извештај за работењето на Друштвото за деловната 2022 година**, со вклучени актуарски извештај и актуарска потврда изготвени од страна на овластениот актуар на Друштвото, за кои е добиено позитивно ревизорско мислење и позитивно мислење од страна на Надзорниот одбор на Друштвото, во текст и содржина, кои се составен дел на оваа Одлука.
5. Се усвојува **Извештајот за извршената ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи за деловната 2022** година од овластениот ревизор Друштво за ревизорски услуги ПРАЈСВОТЕРХАУСКУПЕРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје, за кој е добиено позитивно мислење од страна на Надзорниот одбор на Друштвото.
6. Финансиските извештаи од став 1, Годишната сметка од став 2, Годишниот извештај од став 4, Актуарскиот извештај и потврда од став 4, како и Извештајот за извршената ревизија и

финансиските извештаи од став 5 на оваа Одлука, преставуваат составен дел на оваа Одлука.

7. Оваа Одлука ќе се објави на официјалната интернет страница на Друштвото и на СЕИ НЕТ системот на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје.
8. Оваа Одлука ќе се достави до Агенцијата за супервизија на осигурување.
9. Оваа Одлука стапува на сила на денот на донесувањето.

АКЦИОНЕРСКО СОБРАНИЕ
**Претседавач**

_______________________
Ангел Шојлев

Акционерско друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА, Скопје
МАКЕДОНИЈА ОСИГУРУВАЊЕ
VIENNA INSURANCE GROUP
- Виена Иншуренс Груп -

Акционерско друштво
за осигурување и реосигурување
МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп
Бр. 02-3750/3
10.05 2023 год.
СКОПЈЕ

МАКЕДОНИЈА ОСИГУРУВАЊЕ
VIENNA INSURANCE GROUP

Врз основа на член 415-в став 1 и став 4 од Законот за трговските друштва (Сл.Весник на РМ бр.28/04, со сите последователни измени и дополнувања на истиот), член 127 став 2 и став 4 и член 163 од Законот за супервизија на осигурување (Сл.Весник бр.27/02, со сите последователни измени и дополнувања на истиот), член 39 став 7 и став 8 од Правилата за котација на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје (Основен текст од 25.02.2013 година, со сите последователни измени и дополнувања на истите), член 2 став 1 точка 2 од Правилникот за содржината на редовните известувања кои друштвата за осигурување и/или реосигурување и други лица ги доставуваат до Агенцијата за супервизија на осигурување согласно Законот за супервизија на осигурување (Сл. Весник на РМ бр.30/2012), член 55 од Статутот бр.02-7727/2-1 од 14.11.2022 година на Акционерското друштвото за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп (во понатамошен текст Друштво), а во врска со точка 5 од работниот дел на дневниот ред на Јавниот повик за свикување на годишно акционерско собрание за деловната 2022 година бр.02-2832/2-1 од 04.04.2023 година, акционерите на Друштвото на Годишното акционерско собрание на Друштвото за деловната 2022 година, одржано на ден 10.05.2023 година, ја усвоија следната:

# ОДЛУКА

**За усвојување на Извештајот за работењето на**
**Секторот за внатрешна ревизија на Друштвото за 2022 год**

1. Се усвојува Годишниот извештај за работењето на Секторот за внатрешна ревизија на Друштвото за 2022 година, за кој е добиено и позитивно мислење од страна на Надзониот одбор на Друштвото.

2. Извештајот за работењето на Секторот за внатрешна ревизија на Друштвото за 2022 година е составен дел на оваа Одлука.

3. Оваа Одлука ќе се објави на официјалната интернет страница на Друштвото и на СЕИ НЕТ системот на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје.

4. Оваа Одлука ќе се достави до Агенцијата за супервизија на осигурување.

5. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

АКЦИОНЕРСКО СОБРАНИЕ
**Претседавач**

Ангел Шојлев

Акционерско друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп
МАКЕДОНИЈА ОСИГУРУВАЊЕ VIENNA INSURANCE GROUP

Акционерско друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп
МАКЕДОНИЈА ОСИГУРУВАЊЕ VIENNA INSURANCE GROUP
Бр. 02-3750/4
10.05 2023 год.
СКОПЈЕ

МАКЕДОНИЈА ОСИГУРУВАЊЕ
VIENNA INSURANCE GROUP

Врз основа на член 384 став 2 точка 2, а во врска со член 483 од Законот за трговските друштва (Сл.Весник на РМ бр.28/04, со сите последователни измени и дополнувања на истиот), член 70 и член 163 од Законот за супервизија на осигуруање (Сл.Весник бр.27/02, со сите последователни измени и дополнувања на истиот), член 39 став 7 и став 8 од Правилата за котација на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје (Основен текст од 25.02.2013 година, со сите последователни измени и дополнувања на истите), член 2 став 1 точка 2 од Правилникот за содржината на редовните известувања кои друштвата за осигурување и/или реосигурување и други лица ги доставуваат до Агенцијата за супервизија на осигурување согласно Законот за супервизија на осигурување (Сл. Весник на РМ бр.30/2012), одредбите од Статутот бр.02-7727/2-1 од 14.11.2022 година на МАКЕДОНИЈА Осигурување а.д. Скопје - Виена Иншуренс Груп (во понатамошен текст: Друштвото), а во врска со точка 6 од работниот дел на дневниот ред на Јавниот повик за свикување на Годишно собрание за деловната 2022 година бр.02-2832/2-1 од 04.04.2023 година, акционерите на друштвото на Годишното собрание на Друштвото за деловната 2022 година одржано на 10.05.2023 година ја усвоија следната:

# ОДЛУКА

**за распоредување на добивката остварена со Годишната сметка на Друштвото за деловната 2022 година**

1. Друштвото има остварена нето добивка во деловната 2022 година во износ од 40.033.557 денари. Добивката во износ од 40.033.557 денари ќе се распореди на следниот начин:

    - резерви на сигурност 13.344.519 денари,
    - нераспоредена добивка 26.689.038 денари,

2. Оваа Одлука ќе се објави на официјалната интернет страница на Друштвото и на СЕИ НЕТ системот на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје.

3. Оваа Одлука ќе се достави до Агенцијата за супервизија на осигурување.

4. Оваа Одлука стапува на сила на денот на донесувањето.

АКЦИОНЕРСКО СОБРАНИЕ
**Претседавач**

Ангел Шојлев

Акционерско друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА, Скопје - Виена Иншуренс Груп
МАКЕДОНИЈА ОСИГУРУВАЊЕ VIENNA INSURANCE GROUP

Акционерско друштво
за осигурување и реосигурување
МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп
МАКЕДОНИЈА ОСИГУРУВАЊЕ VIENNA INSURANCE GROUP
Бр. 02-3250/5
10.05 2023 год.
СКОПЈЕ

МАКЕДОНИЈА ОСИГУРУВАЊЕ

VIENNA INSURANCE GROUP

Врз основа на член 487 и член 490 од Законот за трговските друштва (Сл.Весник на РМ бр.28/04, со сите последователни измени и дополнувања на истиот), член 163 од Законот за супервизија на осигурување (Сл.Весник бр.27/02, со сите последователни измени и дополнувања на истиот), член 36 и член 39 од Правилата за котација на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје (Основен текст од 25.02.2013 година, со сите последователни измени и дополнувања на истите), член 2 и член 3 од Правилникот за содржината на редовните известувања кои друштвата за осигурување и/или реосигурување и други лица ги доставуваат до Агенцијата за супервизија на осигурување согласно Законот за супервизија на осигурување (Сл. Весник на РМ бр.30/2012),, член 52 од Статутот Статутот бр.02-7727/2-1 од 14.11.2022 година на Осигурување МАКЕДОНИЈА а.д. Скопје - Виена Иншуренс Груп (во понатамошен текст: Друштвото), а во врска со точка 7 од работниот дел на дневниот ред на Јавниот повик за свикување на Годишно собрание за деловната 2022 година бр.02-2832/2-1 од 04.04.2023 година, акционерите на друштвото на Годишното собрание на Друштвото за деловната 2022 година одржано на 10.05.2023 година ја усвоија следната:

# ОДЛУКА

**за исплата на дивидена за деловната 2021 година**
**и деловната 2022 година и утврдување на дивиденден календар**

1. Од износот кој е распореден како нераспоредена добивка за деловната 2021 година, Друштвото ќе исплати дивиденда во износ од **35.590,562 денари**. Од износот кој е распореден како нераспоредена добивка за деловната 2022 година, Друштвото ќе исплати дивиденда во износ од **26.546,094 денари**. Вкупната дивиденда која Друштвото ќе ја исплати за деловната 2021 година и деловната 2022 година изнесува **63.136.656 денари**.
2. Дивидендата за деловната 2021 година и за деловната 2022 година која ќе им се подели на акционерите на Друштвото е во вкупен износ од **88,00 денари** по акција или 6.87% од номиналната вредност на една акција (Еуро 20,84).
3. Утврдената дивиденда ќе се исплати согласно следниот:

| **ДИВИДЕНДЕН КАЛЕНДАР** | |
|---|---|
| Датум на евиденција | 07.06.2023 година |
| Последен ден на тргување со право на дивиденда | 05.06.2023 година |
| Прв ден на тргување без право на дивиденда | 06.06.2023 година |
| Датум на почеток на исплата на дивиденда | 19.06.2023 година |
| Последен рок за исплата на дивиденда | 30.09.2023 година |

4. Утврдената дивиденда ќе се исплати во готово.
5. За исплатата на дивиденда, како и за дивиденндиот календар акционерите ќе се известат согласно одредбите од Законот за трговските друштва и Правилникот за котација издаден од страна на Македонската берза за хартии од вредност.
6. Оваа Одлука ќе се објави на официјалната интернет страница на Друштвото и на СЕИ НЕТ системот на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје.
4. Оваа Одлука ќе се достави до Агенцијата за супервизија на осигурување.
5. Оваа Одлука стапува на сила на денот на донесувањето.

АКЦИОНЕРСКО СОБРАНИЕ
**Претседавач**

Ангел Шојлев

Акционерско друштво
за осигурување и реосигурување
МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп
Бр. 02-3750/6
10.05 20 23 год.
СКОПЈЕ

МАКЕДОНИЈА ОСИГУРУВАЊЕ
VIENNA INSURANCE GROUP

Врз основа на член 384 став 5 од Законот за трговски друштва (Сл.Весник на РМ бр.28/04, со сите последователни измени и дополнувања на истиот), член 163 од Законот за супервизија на осигурување (Сл.Весник бр.27/02, со сите последователни измени и дополнувања на истиот), член 39 став 7 и став 8 од Правилата за котација на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје (Основен текст од 25.02.2013 година, со сите последователни измени и дополнувања на истите), член 2 и член 3 од Правилникот за содржината на редовните известувања кои друштвата за осигурување и/или реосигурување и други лица ги доставуваат до Агенцијата за супервизија на осигурување согласно Законот за супервизија на осигурување (Сл. Весник на РМ бр.30/2012), како и одредбите од Статутот бр.02-7727/2-1 од 14.11.2022 година на Акционерското друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп (во понатамошен текст: Друштвото), а во врска со точка 8 од работниот дел од дневниот ред на Јавниот повик за свикување на Годишно собрание за деловната 2022 година бр.02-2832/2-1 од 04.04.2023 година, акционерите на Друштвото на Годишното собрание на Друштвото за деловната 2022 година одржано ден на 10.05.2023 година, ја усвоија следната:

# ОДЛУКА

**За усвојување на Извештајот за работата на Надзорниот одбор и одобрување на работата на членовите на Надзорниот одбор на Друштвото за деловната 2022 година**

1. Се усвојува Извештајот за работата на Надзорниот одбор на Друштвото за деловната 2022 година, во текст и содржина кој е составен дел на оваа Одлука.

2. Собранието на Друштвото ја одборува работата за деловната 2022 година на:

   - **Г-дин Габор Лехел, како Претседател;**
   - **Г-дин Андреја Јосифовски, како член;**
   - **Г-дин Филип Бардас, како член;**
   - **Г-дин Реинхард Гојер, како член;**

3. За одобрување на работата на членовите на Надзорниот одбор акционерите гласаа поединечно за секој член од одборот.

4. Извештајот од став 1 преставува составн дел на оваа Одлука.

5. Оваа Одлука ќе се објави на официјалната интернет страница на Друштвото и на СЕИ НЕТ системот на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје.

6. Оваа Одлука ќе се достави до Агенцијата за супервизија на осигурување.

7. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

АКЦИОНЕРСКО СОБРАНИЕ
**Претседавач**

Ангел Шојлев

Акционерско друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп
МАКЕДОНИЈА ОСИГУРУВАЊЕ
VIENNA INSURANCE GROUP

Акционерско друштво
за осигурување и реосигурување
МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп
Бр. 02-3250/7
10.05 2023 год.
СКОПЈЕ

МАКЕДОНИЈА ОСИГУРУВАЊЕ
VIENNA INSURANCE GROUP

Врз основа на член 384 став 5 од Законот за трговски друштва (Сл.Весник на РМ бр.28/04, со сите последователни измени и дополнувања на истиот), член 30 и член 163 од Законот за супервизија на осигурување (Сл.Весник бр.27/02, со сите последователни измени и дополнувања на истиот), и член 39 став 7 и став 8 од Правилата за котација на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје (Основен текст од 25.02.2013 година, со сите последователни измени и дополнувања на истите), член 2 и член 3 од Правилникот за содржината на редовните известувања кои друштвата за осигурување и/или реосигурување и други лица ги доставуваат до Агенцијата за супервизија на осигурување согласно Законот за супервизија на осигурување (Сл. Весник на РМ бр.30/2012), како и одредбите од Статутот Статутот бр.02-7727/2-1 од 14.11.2022 година на Акционерското друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп (во понатамошен текст: Друштвото), а во врска со точка 9 од работниот дел на дневниот ред на Јавниот повик за свикување на Годишното собрание на Друштвото за деловната 2022 година бр.02-2832/2-1 од 04.04.2023 година, акционерите на Друштвото на Годишното собрание за деловната 2022 година одржано на ден 10.05.2023 година, ја усвоија следната:

# ОДЛУКА

**За усвојување на Извештајот за работата на Управниот одбор и**
**одобрување на работата на членовите на Управниот одбор на Друштвото**

1. Се усвојува Извештајот за работата на Управниот одбор на Друштвото за деловната 2022 година, кој е составен дел на оваа Одлука.

2. Собранието на Друштвото ја одобрува работата за деловната 2022 година на:

   — **Г-дин Бошко Андов, како Петседател на Управниот одбор;**
   — **Г-ѓа Весна Ѓорчева, како член на Управниот одбор.**
   — **Г-ѓа Татјана Димов, како член на Управниот одбор**

3. За одоборување на работата на членовите на Управниот одбор, акционерите гласаа поединечно за секој член на органот.

4. Извештајот од став 1 преставува составен дел на оваа Одлука.

5. Оваа Одлука ќе се објави на официјаланата интернет страница на Друштвото и на СЕИ НЕТ системот на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје.

6. Оваа Одлука ќе се достави до Агенцијата за супервизија на осигурување.

7. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

АКЦИОНЕРСКО СОБРАНИЕ
**Претседавач**

Ангел Шојлев

Акционерско друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп
МАКЕДОНИЈА ОСИГУРУВАЊЕ
VIENNA INSURANCE GROUP

Акционерско друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп
МАКЕДОНИЈА ОСИГУРУВАЊЕ VIENNA INSURANCE GROUP
Бр. 02-3750/8
10.05 2023 год.
СКОПЈЕ

МАКЕДОНИЈА ОСИГУРУВАЊЕ
VIENNA INSURANCE GROUP

Врз основа на член 383 став 1 точка 8 од Законот за трговски друштва (Сл.Весник на РМ бр.28/04, со сите последователни измени и дополнувања на истиот), член 20 став 3 точка 11 и член 56 од Статутот бр.02-7727/2-1 од 14.11.2022 на Акционерското друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп (во понатамошен текст: Друштвото), а во врска со член 129 став 2 од Законот за супервизија на осигурување, член 39 став 7 и став 8 од Правилата за котација на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје (Основен текст од 25.02.2013 година, со сите последователни измени и дополнувања на истите), член 2 и член 3 од Правилникот за содржината на редовните известувања кои друштвата за осигурување и/или реосигурување и други лица ги доставуваат до Агенцијата за супервизија на осигурување согласно Законот за супервизија на осигурување (Сл. Весник на РМ бр.30/2012), а во врска со точка 10 од работниот дел на дневниот ред на Јавниот повик за свикување на Годишното собрание за деловната 2022 година бр.02-2832/2-1 од 04.04.2023 година, акционерите на Друштвото на Годишното собрание на Друштвото за деловната 2022 година одржано на ден 10.05.2023 година, ја усвоија следната:

# ОДЛУКА

**за именување на друштво за ревизија кое ќе изврши ревизија на финансиските извештаи и годишната сметка на Друштвото за деловната 2023 година**

1. За извршување на ревизија на финансиските извештаи и годишната сметка на Друштвото за деловната 2023 година се именува Друштво за ревизија КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје, со ЕМБС 5078598 и седиште во Скопје на адреса ул. Филип Втори Македонски бр.3, ТЦ Соравија 7 Кат.

2. Се задолжува Управниот одбор на Друштвото да побара согласност од Агенцијата за супервизија на осигурување, за Друштвото кое ќе изврши ревизија на Годишната сметка за деловната 2023 година од став 1 на оваа Одлука, во рок од 15 дена од денот на донесувањето на оваа Одлука.

3. Оваа Одлука ќе се објави на официјаланата интернет страница на Друштвото и на СЕИ НЕТ системот на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје.

4. Оваа Одлука ќе се достави до Агенцијата за супервизија на осигурување.

5. Оваа Одлука влегува во сила по добивање на согласност од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување.

АКЦИОНЕРСКО СОБРАНИЕ
**Претседавач**

Ангел Шојлев

Акционерско друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп
МАКЕДОНИЈА ОСИГУРУВАЊЕ VIENNA INSURANCE GROUP